РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-156
11.04. **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1388/1 од 27.03.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-1777/3 од 10.04.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 10.04.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво (РТД) ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 2 март 2023 година, во две емисии не е обезбеден превод на македонски јазик, и тоа: во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1388/1 од 27.03.2023 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27-ми март 2023 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски

сервис на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 2-ри март 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Со редовниот надзор е констатирано дека на 2-ри март 2023 г., на телевизискиот програмски сервис на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во две емисии не е обезбеден превод на македонски јазик, и тоа: во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1388/1 од 27.03.2023 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 29.03.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-1388/2 од 29.03.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1388/1 од 27.03.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен на 29.03.2023 година. Во предвидениот рок, РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп не се изјасни за стореното прекршување на ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2023 г., го разгледа предметниот писмен извештај и заклучи на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1388/1 од 27.03.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-1777/3 од 10.04.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, и му се наложува, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1388/1 од 27.03.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
-Управителот на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
-Одговорното лице на програмата во Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

27-03-2023
10 1388 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

- **Член 92 став 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.).

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 2 март 2023 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во

случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 2 март 2023 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во две емисии не е обезбеден превод на македонски јазик. Во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2" - премиера<br><br>„Јади Бурек" - премиера | 00:00:00<br><br>20:37:48 | 00:11:51<br><br>21:09:07 | Во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 2 март 2023 година, во две емисии не е обезбеден превод на македонски јазик. Во емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2", говорот на гостите се емитува изворно на бугарски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик, а дел од емисијата „Јади Бурек", односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно

или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*